**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

| | |
|---|---|
| Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година | Предмет бр.: ИТ-04-82- А<br>Датум: 19. јануари 2010<br>Оригинал: англиски |

**<u>ПРЕД ЖАЛБЕНИОТ СОВЕТ</u>**

**Пред:** **Судија Патрик Робинсон, Претседавач**
**Судија Мехмед Гунеј**
**Судија Лиу Дакун**
**Судија Андресија Ваз**
**Судија Теодор Мерон**

**Секретар:** **г. Џон Хокинг**

**Датум на поднесување:** **19. јануари 2010**

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

*ЈАВНО*

# РЕШЕНИЕ ПО ПОДНЕСОКОТ НА ТАРЧУЛОВСКИ ЗА ПРИВРЕМЕНО ПУШТАЊЕ НА СЛОБОДА

**<u>Канцеларијата на Обвинителот:</u>**
г. Пол Роџерс

**<u>Бранители на Љубе Бошкоски:</u>**
г-ѓа Едина Решидовиќ
г. Гуенел Метро

**<u>Бранители на Јохан Тарчуловски</u>**

г. Алан М. Дершовиц
г. Натан З. Дершовиц
г. Антонио Апостолски
г. Јордан Апостолски

**ЖАЛБЕНИОТ СОВЕТ** на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот: Жалбен совет и Меѓународен суд);

**РЕШАВАЈЌИ ПО** „Поднесокот на Тарчуловски за привремено пуштање на слобода за извршување на правни обврски со Анекс 1 и 2", поднесен на 17. декември 2009, (понатаму во текстот: Поднесок), од страна на Јохан Тарчуловски (понатаму во текстот: Тарчуловски), со кое Тарчуловски бара од Жалбениот совет да му одобри привремено пуштање на слобода во во Поранешната југословенска република Македонија (понатаму во текстот: ПЈРМ) во периодот од 25. декември 2009 до 2. јануари 2010,[1] со цел да може да ја исполни својата правна обврска и да извади нова лична карата и пасош на ПЈРМ;[2]

**ИМАЈЌИ ЈА ПРЕДВИД** „Реакцијата од Обвинителството против барањето на Тарчуловски за привремено пуштање на слобода со Анекс", поднесена на 21. декември 2009 (понатаму во текстот: Реакција) во која Канцеларијата на Обвинителот (понатаму во текстот: Обвинителство) бара од Жалбениот совет да го одбие Поднесокот бидејќи тој не ги исполнува условите пропишани со правило 65(З) од Правилникот за постапка и докази;[3]

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** „Решението по Поднесокот на Тарчуловски за привремено пуштање на слобода од 17. декември 2009" од Дежурниот судија, во кое Дежурниот судија изнесува став, покрај другото, „дека Тарчуловски не покажал никакви околности што би создале степен на итност според која би требало да го применам моето овластување како дежурен судија за да пресудувам во врска со Поднесокот" па според тоа одбива да решава по Поднесокот;[4]

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Поднесокот е ирелевантен со оглед на тоа дека периодот за којшто се бара привремено пуштање на слобода е веќе поминат;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД ПОНАТАМУ** дека Тарчуловски ниту доставил некакви докази за потребата од девет дена за привремено пуштање на слобода, ниту пак докази да го поткрепи своето барање за привремено пуштање на слобода за конкретниот временски период од 25. декември 2009 до 2. јануари 2010 и дека, според неговото тврдење, неговата лична карта ќе важи до 27. февруари 2010;

---

[1] Поднесок, став 16.
[2] Поднесок, став 6.
[3] Реакција, став 1-6. На 24. декември 2009, Обвинителството поднесе „Дополнителна реакција против Поднесокот на Тарчуловски за привремено пуштање на слобода со Анекс".
[4] Решение по Поднесокот на Тарчуловски за привремено пуштање на слобода од 17. декември 2009, 23. декември 2009, стр. 3.

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека иако во Писмото од Министерството за внатрешни работи се вели дека барањата за нови лични карти треба да се поднесат лично во административните служби на Министерството за внатрешни работи, не се укажува на тоа дали има некакви исклучоци од оваа процедура, на пример за државјани на ПЈРМ чија физичка состојба не им дозволува лично да поднесат барање за лична карта или оние кои може да се спречени да дојдат во ПЈРМ од други причини;

**ПОРАДИ ГОРЕ ИЗНЕСЕНИТЕ ПРИЧИНИ**

**ГО ОДБИВА** Поднесокот.

Составено на француски и на англиски, при што англиската верзија е меродавна.

Датирано од 19. јануари 2010,
Во Хаг
Холандија

(своерачен потпис)
Судија Патрик Робинсон
Претседавач

**[Печат на Меѓународниот суд]**